# TOYOTA

петок 31. мај, 2013

Следете не на facebook

Тојота Авто Центар
ДООЕЛ Скопје
Скупи 6б, 1000 Скопје
02/ 30 88 880
info@toyota.com
www.toyota.com.mk

## TOYOTA Fest 2013!

На 31 мај и 1 јуни повелете во салонот на TOYOTA и бидете дел од големиот Ultimate power ride weekend. Поминете незаборавни 30 часа со новиот Auris, новиот RAV4, спортскиот GT 86, Yaris, Avensis, Aygo, Hilux,...

Одлична забава со голем број подароци, игри за најмладите, како и многу изненадувања за секој посетител. Порачајте го вашиот омилен TOYOTA автомобил сега, добијте ја најдобрата цена и одберете го својот подарок: алуминиумски фелни, паркинг-сензори, навигација, каско-осигурување. Учествувајте и во игрите што ги подготвивме за вас и освојте вредна награда од TOYOTA!

Забавата почнува во 08 часот во петок (31.05.2013) и ќе трае до 14 часот следниот ден, сабота (01.06.2013).

Ве очекуваме!
Вашиот TOYOTA тим




## TOYOTA – и оваа година највреден автомобилски бренд

### 2013 BrandFinance Auto 50

BRAND FINANCE ®

TOYOTA неодамна беше прогласена за највреден автомобилски бренд во светот во извештајот на „2013 BrandFinance Auto 50“. Според нив, забележан е пораст на вредноста на брендот TOYOTA за 6%, односно на 20 милијарди евра, со што оваа агенција ја подигна вредноста на брендот на AA+, што е доказ за зголемување на моќта на брендот. Почнувајќи од 2007 година, TOYOTA во годишниот извештај „BrandFinance Global 500“ е константно на првото место во категоријата производители на автомобили.

„BrandFinance“ е најголемата светска консултантска агенција за проценка на вредноста на брендовите, која ги советува компаниите како максимално да ја зголемат својата вредност со помош на ефикасно управување.

### BrandZ™ Top 100 Most Valuable Global Brands 2013



Признание за најдобар автомобиски бренд беше доделено на компанијата и преку студијата на BrandZ™ Top 100 Most Valuable Global Brands 2013 која ги рангира 100-те највредни брендови во целиот свет. Според студијата на BrandZ, вредноста на TOYOTA во изминатата година порасна за 12% и достигна вредност од 18,6 милијарди евра и со тоа останува најголем двигател во автомобилскиот сектор.




**Top 10 Cars**

| | | Brand value 2013 $M | Brand contribution | Brand value % change 2013 vs 2012 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Toyota | 24,497 | 4 | 12% |
| 2 | BMW | 24,015 | 4 | -2% |
| 3 | Mercedes-Benz | 17,952 | 4 | 11% |



# TOYOTA – лидер во TÜV извештајот за 2013

TOYOTA е најуспешниот бренд, според извештајот објавен од страна на водечката германска агенција за техничка инспекција – TÜV. Дури 29 модели на TOYOTA се најдоа на листата на 50-те најдоверливи автомобили во различни категории на старост на возила. 20 модели на TOYOTA ги заседоа првите 10 места, додека Prius го заседе првото место во категоријата возила со старост до 5 години.
Во категоријата возила со старост од 2 до 3 години, возилата на TOYOTA убедливо доминираат со четири модели помеѓу првите 10 со моделите Avensis, Prius, Yaris, iQ.
TOYOTA Prius покажа најнизок степен на дефекти во категоријата старост на возила од 4 до 5 години, а потоа следуваат Auris и Corolla на 3. и 4. место. Во категоријата постари возила, Verso и RAV4, исто така, покажаа одлични резултати во извештајот од оваа година. Овие одлични резултати се уште еден доказ за исклучителниот квалитет, издржливоста и доверливоста на возилата на TOYOTA.
Првпат објавен пред четири децении, TÜV извештајот стана корисен водич за купувачите, бидејќи го покажува квалитетот и доверливоста на возилата на долги патеки.
Годинашниот извештај се заснова на податоците добиени по направеното истражување на 8,1 милиони возила од страна на оваа агенција во периодот од јули 2011 до јуни 2012 година. TOYOTA и во изминатите TÜV извештаи го заземаше водечкото место.





## TOYOTA партнери „Торпедо Мобил Битола"

Традицијата на „Торпедо Мобил Битола" на основа на семеен бизнис почнува уште во 1962 година, кога во Битола е основан првиот приватен автоелектричарски сервис кој го носел името „Торпедо". Во 2008 година, како резултат на континуираниот развој на компанијата, Торпедо се спојува со сестринската фирма „Мобил" и оттогаш работи под името „Торпедо Мобил Дооел Битола". Својата дејност како овластен дилер за продажба на возила од програмата на TOYOTA ја проширува во 2003 година.
Денес „Торпедо Мобил Битола" располага со сопствен изложбено-продажен салон уреден според највисоките стандарди на брендот TOYOTA. Во рамките на компанијата функционира и современ автоелектричарски сервис во кој работи стручно оспособен персонал.



Професионалниот тим во „Торпедо Мобил Битола" ќе ви посака топло добредојде и со задоволство ќе одговори на сите ваши барања и потреби.




## Пет звездички на Euro NCAP за новиот Auris и за новиот RAV4

FOR SAFER CARS EURO NCAP

www.euroncap.com

**Новиот Auris и новиот RAV4 се првите возила што ги освоија максималните пет звездички според новите, построги стандарди на Euro NCAP тестирањата за 2013 година, сето ова благодарејќи на посветеноста на TOYOTA на развој на нови возила по највисоките стандарди за безбедност**

### TOYOTA RAV4

Како прв SUV кој освои пет звездички по новите Euro NCAP стандарди за 2013 година, новиот RAV4 нуди високо ниво на заштита на патниците и пешаците од судир, кое постојано се надградува во текот на трите генерации на ова теренско возило.



Со конструкција на каросеријата која ја впива енергијата при удар и на тој начин ги штити патниците, новиот RAV4 има уште повисоко ниво на активна и пасивна безбедност од своите претходници. Тој е стандардно опремен со новите седишта со систем за заштита при удар, како и 9 воздушни перничиња, ABS, EBD, BA, систем за контрола на стабилноста (VSC), систем за контрола на пролизгувањето (TRC).

### TOYOTA Auris

Претставен на почетокот на оваа година, новиот Auris и овој пат ги задржа високите стандарди на TOYOTA по прашањето за активна и пасивна безбедност со што стана првиот модел од Ц-сегментот на возила кој освои пет звездички по новата Euro NCAP програма за тестирање за 2013 г.
Стандардно опремен со ABS, EBD, систем за помош при сопирање, систем за контрола на стабилноста (VSC), систем за контрола на пролизгувањето (TRC), новиот Auris, исто така, е опремен и со 9 воздушни перничиња.

# Новитети на жешкиот асфалт

## LEXUS IS

Инспириран од прототип-моделот LF-CC и од линиите на легендарниот LFA, комплетно новиот IS го поседува храбриот, нов дизајн на LEXUS искомбиниран со исклучително моќна предна решетка. Елегантниот дизајн на предните светла во форма на буквата „L“ го надополнува чувството на динамика. Внатрешноста нуди чист и елегантен дизајн со контролна табла ориентирана кон возачот, а поголемата удобност на задните седишта и зголемениот багажен простор овозможуваат лесен пристап во возилото, како и најголемо место за нозете на патниците во класата. Гамата модели на новиот LEXUS IS вклучува IS250 и IS300h – првиот IS со хибриден погон.
Во Македонија е достапен од јуни 2013 г.



## TOYOTA PROACE

Новиот PROACE е лесно комерцијално возило достапно во 28 верзии, со неколку типа мотори и широк избор на дополнителна опрема. Секоја верзија може да биде специфично адаптирана на потребите на компаниите. PROACE ќе биде достапен во избор на две должини и две висини комбинирани со капацитет на товарење од 5 м$^3$, 6 м$^3$ или 7 м$^3$ и носивост до 2.000 кг, зависно од конфигурацијата. Во понуда доаѓа со три вида дизелски мотори: 1.6 D (90 КС) ; 2.0 D (128 КС) ; 2.0 D (163 КС) и богата стандардна опрема: ABS, EBD, BA,VSC (систем за контрола на стабилноста), возачко воздушно перниче, клима-уред, централна брава со далечинско, електрични ретровизори.
Во Македонија е достапен од јуни 2013 г.



## TOYOTA Corolla

Најпродаваниот автомобил на светот и на сите времиња наскоро со нова генерација. Новата Corolla ја најави концептот Furia, возило кое се одликува со помоќен и поагресивен дизајн во споредба на тековната генерација. Новата Corolla ќе има поголема должина, ќе биде пониска и со подобрени перформанси и економичност. Новата Corolla, по новиот Auris и новиот RAV4, ќе биде уште едно возило кое во себе ќе ја носи новата ДНК на новиот дизајнерски јазик на TOYOTA.
Во Македонија ќе биде достапна од есен 2013 г.



# Продадени повеќе од 5 милиони хибридни возила на TOYOTA и на LEXUS

TOYOTA Motor Corporation ја објави кумулативната глобална продажба на своите хибридни возила која ја надмина бројката од 5 милиони. Заклучно со март 2013 година, во приближно 80 земји од целиот свет во понудата на TOYOTA се наоѓаа 19 различни хибридни возила и еден „plug-in“ хибриден модел. Целта на TOYOTA е што повеќе да го прошири својот хибриден асортиман, како и да го зголеми бројот на земји во кои ќе ги продава своите хибридни возила. До крајот на 2015 година TOYOTA ќе пушти во продажба вкупно 18 нови хибридни модели, вклучувајќи и едно возило на горивни ќелии. Хибридните возила на TOYOTA до март 2013 година ја намалија емисијата на CO2 за приближно 34 милиони тони, за што компанијата направи проценка дека хибридните возила заштедиле приближно 12 милијарди литри бензин, во споредба со количеството бензин што би го потрошиле бензинските возила со слична големина.








# Забавни страници




## TOYOTA Лавиринт

Одберете го вистинскиот пат заедно со TOYOTA Yaris и стигнете први до целта.
Повелете во TOYOTA авто салонот, порачајте го вашиот омилен автомобил со најдобра цена на пазарот.




## Поврзи ги точките



Поврзете ги точките на сликата и откријте кој автомобил на TOYOTA се крие зад нив. Вашиот одговор е:

а. TOYOTA Corolla



б. TOYOTA Yaris



в. TOYOTA Avensis



## TOYOTA Квиз

**1.Кој автомобил од TOYOTA е хибриден?**

**а)TOYOTA Corolla**

**б) TOYOTA Prius**

**в)TOYOTA RAV4**

2. Кое возило од TOYOTA го носи слоганот, “Возбуда која не згаснува”?

а) TOYOTA Auris

б) TOYOTA Avensis

в)TOYOTA RAV4

3. Кој уред во летните денови ви овозможува разладување во вашиот TOYOTA автомобил?

а) ABS

б) клима-уред

в) воздушно перниче

**4. Единствена гаранција која можете да ја добиете само со TOYOTA е:**

**а) 5 г. или 160.000 км**

**б) 5 г. или 150.000 км**

**в) 4 г. или 160.000 км**

Точен одговор: 1 (б), 2 (в), 3 (б), 4 (а)

